**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 05-11-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

**Бр. 03-1092/1**
**04.11.2021, Скопје**

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**БУЛ. ИЛИНДЕН БР.2**

**- ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, КООРДИНАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ И ИНВЕСТИЦИИ**
**Г-ДИН ФАТМИР БИТИЌИ-**

**ОД: СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, УЛ. БАЛЗАКОВА БР. 32, СКОПЈЕ, ЗАСТАПУВАНА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМОРАТА, Д-Р МАРИЈАН ДЕНКОВСКИ**

**ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ИТНА СРЕДБА ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ НА РАСПРАВА ЗА ПРЕДЛОГ БУЏЕТ ЗА 2022 ГОДИНА ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Почитуван,

Со потполн респект кон Вашите обврски кои ги имате, како во Владата на Република Северна Македонија, така и како потпреседател на СДСМ, ние, раководството на Стоматолошка комора на Македонија повторно Ви се обраќаме со барање за итна, неодложна средба како продолжение на работниот состанок одржан на 21.07.2021 година.

Поминаа безмалку 100 дена од нашата средба, на која како заклучок произлезе дека е потребно време за Ваша дополнителна анализа на она што беше потенцирано и посочено од наша страна на средбата на 21.07.2021 година и дека во најкраток можен рок ќе не поканите на повторна средба на која би се разгледале можните опции за решавањето на се подраматичната состојба на стоматолошката професија и на финансискиот статус на стоматологот како здравствен работник од јавен интерес, со што и граѓаните на Република Северна Македонија би имале поквалитетен одговор на нарушувањата на оралното здравје.

Стоматолошката комора на Македонија имаше целосно разбирање дека по нашата средба започнаа годишните одмори, а потоа имавте и обврски поврзани со локалните избори, но по завршување на истите, Вие како Влада, на последната седница усвоивте предлог Буџет за 2022 година, предлог Буџет за кој министерот Бесими најави дека е развоен, но и со социјална компонента и со кој се предвидени поголеми средства за здравството, по што ние од Комората сме со прашање, дали стоматологот и стоматолошката дејност се предвидени во посочениот предлог Буџет, со колкави средства и со која динамика.

Со најискрена верба и почит дека ќе најдете време, мотив и желба за разговарање и решавање на нашите апсолутно коректни и недвосмислени барања и дека нема заедно да дозволиме Македонската стоматологија да се претвори во дејност од која сите ќе се срамиме, Ви се обраќаме со овој допис и очекуваме покана за средба со Вас и Вашиот тим.

Со почит,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-Р МАРИЈАН ДЕНКОВСКИ**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
СКОПЈЕ SHKUP